Врз основа на член 26 став 3 од Законот за јавни набавки (Сл. весник на РМ бр. 136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 24/2012,15/2013, 148/2013, 160/2103,28/2014,43/2014,130/2014,180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/2016, 165/2017), член 2 од Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (Сл.весник на РМ бр.51/2011,148/2013, 41/2014 и 130/2014) по член 8 став (1) точка (3) од Деловникот за начинот на работа и организација на Државната комисија бр. 01-7/1 од 01.12.2011 година и број 0101-1139 од 1.09.2013 година, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен врши втора измена на Годишниот план за јавни набавки за 2018 година и на ден 30.10.2018 година донесе :

## ОДЛУКА
## ЗА ВТОРА ИЗМЕНА НА ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО 2018 ГОДИНА НА ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА И ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС ВО ВТОР СТЕПЕН БР.0507-227 ОД 31.01.2018 година

1. Во Годишниот план за јавни набавки за 2018 година на Државната комисија и првата измена бр.0507-227/2 од 16.05.2018 година, во делот I Договори и рамкови спогодби за јавни набавки на стоки во редните броеви 5, 6 и 7 се менува месецот во "11/2018".

2. Во делот I Договори и рамкови спогодби за јавни набавки на стоки во редот 7 после зборот тонери се додава и фотокондуктери, проценетата вредност 152.500 се заменува со 207.500.

3. Во делот I Договори и рамкови спогодби за јавни набавки на стоки по редот 9 се додава нов ред со реден број 10 кој гласи:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| .10 | Метални архивски ормари | | 11/2018 | 84.500 | Барање со прибирање на понуди | |

4. Во делот II Договори и рамкови спогодби за јавни набавки на услуги редовите со редни броеви 10,11,12,13 и 14 се поместуваат во 11,12,13,14 и 15. Исто така, во редниот број 13 и 14 (одржување хигиена во деловни простории) се менува месецот во "11/2018".

5.Во истиот дел II Договори и рамкови спогодби за јавни набавки на услуги по редот 15 се додава нов ред 16 кој гласи:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | Здравствени услуги | | 11/2018 | 65.000 | Барање со прибирање на понуди | |

6 Во делот III Договори и рамкови спогодби за јавни набавки на работи, редот со реден број 15 се поместува во реден број 17 и во истиот ред 04/2018 се заменува со 11/2018. После редот 17 се додава нов ред 18 кој гласи:

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | Санација и поправка на деловен објект | | 11/2018 | 60.000 | Барање со прибирање на понуди | |

7.Во делот IV Договори и рамкови спогодби согласно член 23 од ЗЈН, редните броеви 16 и 17 се поместуваат во 19 и 20.

8. Одлуката стапува во сила со денот на донесување.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КОМИСИЈА
Даница Чадиева

Изготвил: Фимка Митева
Одобрил: Марија Петрова Блажевска
Согласен: Бојан Цветковиќ
Доставено до:

- Архива
- Комисија за ЈН
- Сектор за финсиски прашања х 2